Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 25.02.2021

На 24.02.2021 во 18.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар ги лишиле од слобода К.Т.(19) и Д.А.(25), двајцата од Скопје, бидејќи кај нив била пронајдена марихуана. По целосното документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.02.2021 во 17.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир"од слобода бил лишен М.А.(33) од Р.Србија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа - сообраќајна дозвола" од патничко возило „мерцедес", со српска национална ознака. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициска станица Кратово за понатамошна постапка.

На 24.02.2021 на подрачјето на Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле регистрирани 15 прекршоци кои ќе бидат санкционирани со соодветни пријави.

На 24.02.2021 на подрачјето на Одделението за внатрешни работи Гевгелија била спроведена акциска контрола над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле откриени 7 прекршоци, од кои 5 по акциската контрола и 2 останати прекршока, за кои на возачите им биле изречени соодветни санкции.

На 24.02.2021 во 08.40 часот во СВР Битола било пријавено дека на патот Прилеп-Битола, во атар на с.Алинци, Д.И.(44) од Битола, управувајќи патничко возило „мерцедес", со битолски регистарски ознаки, излетал од коловозот. Во незгодата, возачот и сопатникот В.Р.(38) од Битола се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид на местото на незгодата од екипа на Полициската станица Прилеп.

На 24.02.2021 на автопатот Штип – Миладиновци, од клучка Кадрифаково до клучка Преод, полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патиот сообраќај Свети Николе, спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возилата со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле констатирани шест прекршоци и на возачите им биле изготвени прекршочни платни налози. Санкционирани биле и четири останати прекршоци.

На 24.02.2021 во 16.05 часот во СВР Куманово било пријавено на крстосница од ул. „1" и ул„6" во населба „Бабин дол" во Куманово се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „фолксваген кеди", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Ф.(23) од Куманово и мопед „кимко", со кумановски регистарски ознаки, управуван од П.П.(19) од с.Биљановце, кумановско. Во незгодата, П.П. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болница во Куманово. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 24.02.2021 во 11.00 часот во Полициската станица Центар, З.С.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Пролет" бил каснат од куче скитник.

На 24.02.2021 во 19.20 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Ј.Б.(45) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 24.02.2021 во 21.30 часот на Граничен премин „Делчево", полициски службеници ги лишиле од слобода М.Д.(20) од Виница и Г.Е.(28) и Ф.Ц.(30), двајцата од Република Турција, затоа што на увид приложиле негативни ПЦР тестови за кои, по извршени проверки, било утврдено дека се фалсификат. Лицата биле придадени на инспектори од Одделот за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija при Регионалниот центар за гранични работи Исток за понатамошна постапка.

На 25.02.2021 во 03.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.С.(28) од Куманово, поради постоење основи на сомнение дека на 24.02.2021 на на Р.О.(66) му одзел паричник. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.02.2021 во 20.30 часот во СВР Штип, од Казнено поправниот дом Затвор - Штип било пријавено дека во дворот на затворот биле пронајдени пашкаста материја и марихуана. Од страна на полициски службеници другата била одземена. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б.К.(55) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во сојство на инвеститор, во текот на 2020 година на ул,,Железничка" во Охрид, без одобрение за градба издаден од надлежен орган, изградил индивидуална станбена куќа. Од страна на овластен градежен инспектор од општина Охрид донесено е Решение со кое на инвеститорот му се наредува да ја отстрани градбата.

На 24.02.2021 во 12.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека во периодот од 14.02.2021 до 24.02.2021 непознат сторител насилно влегол во магазин, сопственост на „11 Октомври-Еурокомпозит" на ул.„Моша Пијаде" во Прилеп и одзел повеќе предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Л.П.(21) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 15.10.2019, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, во кој бил тој и уште две лица и била пронајдена и одземена марихуана, а лицата се обиделе да избегаат, но биле лишени од слобода.

На 24.02.2021 во 20.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на бул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице со закана кон вработениот одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Центар, З.Ц.(25) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.Ф.(44) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 20.05.2020, полициски службеници извршиле претрес во дом и други простории кај С.Ф. и при контрола на патничко возило „опел астра" биле пронајдени и одземени куршуми за пиштол калибар 7,62 х 25 мм , куршуми - маневарска муниција со калибар 7,62мм, куршуми калибар 9мм и рамка за муниција наменета за пиштол калибар 7,65мм.

На 24.02.2021 во 12.20 часот во Полициската станица Карпош, Љ.Б.(65) од Скопје пријавил дека на улица „Митрополит Теодосиј Гологанов" бил каснат од куче скитник.

На 24.02.2021 во 17.30 часот во Полициската станица Центар, М.Ф.(24) од Скопје пријавил дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.Ш.(45) од с.Чегране, гостиварско, сопственик на угостителски објект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 27.12.2020, полициски службеници извршиле контрола во угостителскиот објект на пријавениот, при што констатирале дека работел подолго од предвиденото работно време, а во објектот биле затекнати гости, со што се прекршени одлуките, мерките и протоколите со цел спречување на ширење на коронавирусот ковид-19 и заштита на јавното здравје на населението.

На 24.02.2021 во 13.15 часот во Полициската станица Аеродром, Е.Д.(48) од Скопје пријавила дека од дома се оддалечил Р.Ц.(14) од Куманово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против З.Ќ.(43) од Гостивар, вработен како возач во превозно претпријатие од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 28.10.2020, при извршена контрола од страна на полициски службеници на наплатна рампа Гостивар, било констатирано дека пријавениот управува автобус „сетра", сопственост на правното лице, кој во моментот превезувал повеќе патници со што ја прекршил одлуката за максимум 50% од вкупниот капацитет на возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против И.А.(22) од с.Градско, Велес, поради постоење основи на сомнение дека на 21.02.2021 во Свети Николе извршил обљуба над малолетничка.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет